Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 28.12.2023 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за услови и критериуми за доделување награди за најдобар воспитувач и најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп

Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите и критериумите за доделување награди за еден најдобар воспитувач и еден најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп.

Член 2

Средствата за доделување награди од овој Правилник се предвидува во Буџетот на Општина Прилеп во Програма за доделување награди за најдобар воспитувач и најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп.

Член 3

Наградите ќе бидат доделени за еден најдобар воспитувач и еден најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп, согласно критериумите утврдени со овој Правилник.

Висината на наградата ќе изнесува 20.000,00 денари поединечно.

Член 4

Право на учество имаат:

1. Сите воспитувачи и негуватели вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп.
2. Кандидатот да има засновано работен однос на неопределено работно време во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп.
3. Кандидатот да не е орган на раководење во моментот на аплицирање.
4. Бројот на кандидати е неограничен.
5. Право на учество имаат воспитувачи и негуватели кои не се наградувани во последните 3 години.

Член 5

Критериуми за доделување награди за за најдобар воспитувач и најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп се:

.

| Критериуми | | Доказ | Бодови |
|---|---|---|---|
| 1.Воспитно згрижувачка работа | - Навремено и совесно ги извршува поставените работни задачи и цели, согласно принципите за | Потврда – мислење од Стручен совет | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | воспитно-згрижувачката работа со деца,<br>- Навремено врши планирање, реализирање и организирање на воспитно- образовната работа (годишно, тематско и дневно планирање, уредно водење на хартиен и електронски дневник, навремено и уредно водење на Досие на детето итн)<br>- Ги почитува индивидуалните можности, способности и потреби на детето и користи современи дидактички средства,<br>- Работа со деца со пречки во развој<br>- Способен е да се справи со повеќе задачи истовремено и да го планира своето време ефективно,<br>- Почитување на кодекс на однесување и облекување,<br>- Покажува редовност на работно место | | |
| 2.Комуникација и тимска работа | - Има успешна соработка и комуникација со родители, вработени, стручен тим,<br>- Поттикнува тимско работење, ги почитува принципите на тимска работа,<br>- Ги прифаќа новите членови во тимот | Фотографии, записници | 3 |
| 3.Учење и развој | - Бара нови извори на информции и различни пристапи за подобрување на своето знаење, | Сертификати / потврди од учество на обуки, | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Активно учествува на обуките, вклучително и обуката преку работа и електронско учење,<br>- Го споделува своето знаење со колегите и го применува во секојдневното работење,<br>- Активно учествува во проекти и присуствува на разни обуки, семинари, работилници (без одбивање) и врши дополнителна работа. | семинари, работилници | |
| 4. Остварување на резултати и ориентираност кон корисниците на услугите | - Постапува брзо и ефикасно на потребите на корисниците на услугите согласно правилата на професијата,<br>- Има редовна и успешна наплата на децата.<br>- Соработува, ги препознава и одговара на потребите на корисниците на услугите,<br>- Процентуална присутност на деца во група,во однос на запишани деца. | - Изјави од родители<br>- Потврда издадена од книговодствена евиденција на градинката | 3 |
| 5.Промовирање на градинката и општина Прилеп (медиуми, фестивали, настани) | -Учествува во реализација на различни фестивали, настани,<br>- Учествува во емисии на медиуми<br>- споделува добри практики во медиуми | Фотографии, потврди, прилог од објава | 5 |
| 6.Учество во реализација на проекти од значење за воспитно-образовниот процес | - учество во меѓународни или државни проекти | Потврда од инситуцијата | 3 |
| 7.Автор или коавтор на стручен труд/ истражување | - самостојно или коавторски изработува стручен труд/ истражување и учествува на семинар/ конференција | Издание | 8 |

Ќе се вреднуваат резлутати постигнати во тековната учебна година.

Со овај правилник се доделува една награда за најдобар воспитувач и една награда за најдобар негувател.

Член 6

Начинот на доделување на наградите ќе се спроведи со објавување на јавен повик од страна на Градоначалникот на Општина Прилеп.

Јавниот повик ќе биде објавен на огласната табла на Општина Прилеп и на веб-страната на Општина Прилеп.

Јавниот повик ќе трае 5 (пет) денови, не сметајќи го денот на неговото објавување.

Член 7

Заинтересираните воспитувачи/негователи треба да ги достават следните документи до Општина Прилеп:

1. Пријава од воспитувачот/негователот;
2. Потврда од ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп за засновен редовен работен однос на неопределно време;
3. Потврда од ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп (мислење од стручниот совет) за навремено и совесно извршување на поставените работни задачи и цели, согласно принципите за воспитно-згрижувачката работа со деца, за навремено вршење планирање, реализирање и организирање на воспитно- образовната работа (годишно, тематско и дневно планирање, уредно водење на хартиен и електронски дневник, навремено и уредно водење на Досие на детето итн), за почитување на индивидуалните можности, способности и потреби на детето и користење современи дидактички средства, за работа со деца со пречки во развој, за способност е да се справи со повеќе задачи истовремено и да го планира своето време ефективно, почитување на кодекс на однесување и облекување, и покажување редовност на работно место;
4. Фотографии, записници за успешна соработка и комуникација со родители, вработени, стручен тим, за поттикнување тимско работење, почитување на принципите на тимска работа, за прифаќање на новите членови во тимот;
5. Сертификати / потврди од учество на обуки, семинари, работилници за барање нови извори на информции и различни пристапи за подобрување на своето знаење, за активно учествување на обуките, вклучително и обуката преку работа и електронско учење, споделување на своето знаење со колегите и го применува во секојдневното работење, активно учествување во проекти и присуствување на разни обуки, семинари, работилници (без одбивање) и врши дополнителна работа.
6. Изјави од родители, Потврда издадена од книговодствена евиденција на градинката за постапување брзо и ефикасно на потребите на корисниците на услугите согласно правилата на професијата, за редовна и успешна наплата на децата, за соработка, препознавање и одговарање на потребите на корисниците на услугите, процентуална присутност на деца во група,во однос на запишани деца.
7. Фотографии, потврди, прилог од објава за учествува во реализација на различни фестивали, настани, за учествува во емисии на медиуми и споделување добри практики во медиуми
8. Потврда од инситуцијата за учество во меѓународни или државни проекти

9. Издание за самостојно или коавторски изработува стручен труд/ истражување и учествува на семинар/ конференција
10. Изјава за давање согласност за обработка и користење на личните податоци;
11. Фотокопија од личната карта на наставникот.

Член 8

Пријавите на наставниците со потребната документација треба да се достават до архивата на Општина Прилеп или да се достават по пошта до: ЕЛС Општина Прилеп ул.,,Прилепски Бранители" бр.1 Прилеп со назнака: ,,За јавниот повик за доделување награди за најдобар воспитувач и најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп"

Член 9

Доставените пријави согласно јавниот повик ги разгледува Комисијата за опшествени дејности и заштита на правата на децата на Советот на Општина Прилеп.

Комисијата некомплетните и ненавремни пријави не ги разгледува.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг-листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Член 10

Градоначалникот на Општина Прилеп врз основа на доставената ранг-листа од Комисијата донесува Одлука за доделување награди за најдобар воспитувач и најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп.

Одлуката за доделување награди за најдобар воспитувач и најдобар неговател вработени во ЈОУДГ ,,Наша иднина‘‘ Прилеп која ја донесува Градоначалникот на Општина Прилеп ќе се објави и на веб-страната на Општина Прилеп.

Член 11

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од дентот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 09-4248/23
28.12.2023 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски